**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN LAWYERS ASSOCIATION**
**Кеј 13 Ноември, Кула II/4 (ГТЦ), 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел./факс (389) 02 3131 084, 070 310 188, 072 665 664**
E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РСМ ЗА 2025 ГОДИНА

Во 2025 година, Здружението на правници на Република Северна Македонија продолжи со редовниот тек на работење, преку одржување на седници на органите на Здружението, како и преку организирање на традиционалните средби и советувања.

## 1. СЕДНИЦИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО

### 1.1. Седници на Собрание на Здружението

Редовната седница на собранието на Здружението беше одржана на 20-ти мај 2025 г.

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на Записник од вонредна седница на Собранието на ЗПРСМ одржана на 02.09.2024

2. Усвојување Извештај за работа на Здружението на правници на РСМ за 2024 година.

3. Усвојување финансиски извештај на Здружението на правници на РСМ за 2024 година.

4. Усвојување одлука за донесување на Завршната сметка на Здружението на правници на РСМ за 2024 година

5. Усвојување на Одлука за пренос на остаток од нето добивката за распоредување во наредната година.

6. Донесување на Програмата за работа на Здружението на правници на РСМ за 2025 година

7. Усојување на Финансискиот план на Здружението на правници на РСМ за 2025 година

8. Разно

Во врска со предложениот Дневен ред за седница немаше доставени предлози за негови измени и дополнувања.

Во врска со **точките од дневниот ред,** за Предлог одлуката гласаа „ЗА“ 23 (дваесет и три) редовни членови на Здружението. Ниту еден редовен член не гласаше „ПРОТИВ“, ниту „ВОЗДРЖАН“. Списокот на редовни членови кои се изјаснија преку допишување е составен дел на овој Записник.

### 1.2. Седници на Управен одбор на Здружението

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN LAWYERS ASSOCIATION**
**Кеј 13 Ноември, Кула II/4 (ГТЦ), 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел./факс (389) 02 3131 084, 070 310 188, 072 665 664**
E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

Во текот на 2025 година членовите на Управниот одбор се состанаа еднаш.

Седница беше одржана на 06.05.2025 година на која Управниот одбор ги разгледа материјалите за седница на Управен одбор на Здружение на правници на Република Северна Македонија и едногласно истите ги прифати.

**1.3. <u>Седници на надзорен одбор</u>**

НО на Здружението одржа седница на 08.05.2025 година (четврток) – при што НО ги одобри и до Собранието ги достави на усвојување извештаите за работа на Претседателот и на УО. НО ги одобри и до Собранието ги достави на усвојување годишниот извештај за работа на Здружението, годишниот финансиски извештај (годишна завршна сметка) и годишниот финансиски план.

## 2. ТРАДИЦИОНАЛНИ СРЕДБИ НА ПРАВНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2025 година Здружението обезбеди репрезентативен состав на панелисти од различни профили на правничката фела коишто ги елаборираа и ги објаснија дилемите со кои се соочуваат правниците во своето секојдневно работење. Здружението во мај и во ноември 2025 година ги организираше 89-та и 90-та Средба на правници кои беа успешно одржани.

На 89-та Средба на правниците, учествуваа 86 учесници.

На 90-та Средба на правниците, учествуваа 148 учесници, што укажува на одржување континуитет.

**Мајската Средба на правниците се одржа од 15.05.2025 година до 17.05.2025 година во хотел Гранит, Охрид со следната агенда:**

**ЧЕТВРТОК 15.05.2025**

10:00 - 11:00, Регистрација на учесници

11:00 - 11:15, Обраќање на претседателот на Здружението на правници на РС Македонија, проф. д-р Горан Коевски

11:15 - 12:15, ТЕМА: „Казнената политика на судовите во РСМ“

Презентери: д-р Александра Груевска Дракулевски, редовен професор на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, институт за Казнено право и г-а Даниела Димовска, судија во Основен кривичен суд Скопје

12:15 - 12:45, Дискусија и прашања

12:45 - 13:15, Пауза

13:15- 14:15, ТЕМА: „Картелите во конкурентското законодавство, поим, карактеристики, санкции“

Презентерка: г-а Валентина Николова, раководител на Сектор за анализи и оценка на концентрации, Комисија за заштита на конкуренцијата на РС Македонија

14:15 – 14:45, Дискусија и прашања

14:45 - 16:00, Пауза за ручек

16:00 - 17:00, ТЕМИ: „Корпораративното управување со јавните претријатија, современи трендови- македонски предизвици“ и „Улогата на државата во градење и развој на одржлив пензиски систем“

Презентери: д-р Горан Коевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и г-а Снежана Станковиќ, претседател на Управен одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје

17:00 – 17:30, Дискусија и прашања

**ПЕТОК 16.05.2025**

10:30 - 11:30, ТЕМА: Даночна илузија: Маневри во сенката на законот

Презентери: д-р Александра Максимовска Стојкова, редовен професор на Правниот факултет Јустинијан Први, „Св. Кирил и Методиј“ и м-р Елена Петрова, директор на Управа за јавни приходи

11:30-12:00, Дискусија и прашања

12:00 - 12:30, Пауза

12:30 - 13:30, ТЕМИ: „Надомест на штета од сообраќајни незгоди со странски елемент“ и „Улогата на Националното биро за осигурување кај штети со странски елемент“

Презентери: д-р Татјана Димов, член на Управен одбор, одговорен за штети и правни работи, при АД за сигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА-Скопје, Виена Иншуренс Груп и г-а Верица Вељановска Георгиевска, раководител на Гарантен фонд и меѓународни штети, Национално Биро за осигурување

13:30 – 14:00, Дискусија и прашања

14:00 - 15:30, Пауза

15:30 - 16:30, ТЕМА: "Compliance функцијата (функција за усогласеност) и методологија за нејзина имплементација како дел од системот на добро корпоративно управување - основи, развој и модел на управување со регулаторната усогласеност"

Презентери: г-а Андријана Бергант, уни. дипл. прав., MBA, AICA, претседател на Inštitut za skladnost in etiko poslovanja (European Institute of Compliance and Ethics) и м-р Ирена Бачановиќ Каракашев, сертифициран Compliance консултант

16:30 – 17:00, Дискусија и прашања

**САБОТА 17.05.2025**

10:00 - 11:00, ТЕМА: „Претанок на работниот однос во рефлексијата на актуелните македонски предизвици“

Презентер: д-р Лазар Јовевски, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“, при УКИМ во Скопје

11:00 – 11:30, Дискусија и прашања

11:30, Одјавување од хотел и заминување на учесниците

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN LAWYERS ASSOCIATION**
**Кеј 13 Ноември, Кула II/4 (ГТЦ), 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел./факс (389) 02 3131 084, 070 310 188, 072 665 664**
E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

**Ноемвриската Средба на правниците се одржа од 06.11.2025 година до 08.11.2025 година во хотел Метропол Езерски комплекс во Охрид со следната агенда:**

**6 ноември 2025 (четврток)**

10:00 - 11:00, Регистрација на учесници

11:00 - 11:15, Обраќање на претседателот на Здружението на правници на РС Македонија, проф. д-р Горан Коевски

11:15-11:30 Обраќање на м-р Игор Филков, Министер за правда во Владата на РС Македонија

11:30 – 12:30 ч., тема: Граѓанско - правна одговорност од употребата на алатките од вештачката интелигенција, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ и судија на Уставнот суд на РСМ и д-р Валентин Пепељугоски, адвокат од Скопје

12:30 – 12:45 ч., Дискусија и прашања

12:45 - 13:15 ч., Пауза

13:15- 14:15, тема: Confiscatio in rem: Анализа на новиот граѓанскоправен модел на одземање на имот без кривична осуда – проф. д-р Татјана Зороска Камилоска, Правен факултет при УКИМ во Скопје и проф. д-р Милка Ракочевиќ Правен факултет при УКИМ во Скопје

14:15 – 14:45 ч., Дискусија и прашања

14:45 - 16:00, Пауза за ручек

16:00 – 16:45 ч., тема: Јавно-правни и приватно-правни ограничувања на правото на сопственост– проф. д-р Родна Живковска, редовен професор на Правниот факултет "Јустинијан Први", Скопје, во пензија

16:45 – 17:00 ч., Дискусија и прашања

17:00 – 17:45 ч., тема: Побивање на правни дејства во стечај – м-р Артан Лимани, судија од Апелациониот суд во Скопје

17:45 – 18:00 ч., Дискусија и прашања

20:00 ч., Свечена вечера и забава во хотелот со гостиварската група „Plan G“ – мајсторите на живата свирка

**7 ноември 2025 (петок)**

10:30 – 11:30 ч., тема: „Новите законски обврски за кибер безбедност: меѓу имплементацијата во институции и компании, заштитата на човековите права и европската судска пракса“, Севдали Селмани, Раководител на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT, Агенција за електронски комуникации (АЕК)

11:30 – 12:00 ч., Дискусија и прашања

12:00 - 12:30 ч., Пауза

**Кеј 13 Ноември, Кула II/4 (ГТЦ), 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел./факс (389) 02 3131 084, 070 310 188, 072 665 664**
E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

12:30 – 13:30 ч., тема: Актуелни трендови и предизвици во постапките за јавни набавки во Македонија, – д-р Маре Богева Мицовска, директор на Бирото за јавни набавки

13:30 – 14:00 ч. Дискусија и прашања

14:00 - 15:30 ч., Пауза

15:30 – 16:30 ч., тема: Договор за градење по ЗОО и употреба на типски договори за градење (со осврт на FIDIC) при примена на македонското законодавство како применливи право на договорот, Марија Шеќероска, Раководител на сектор за правни работи во Гранит АД Скопје и д-р Горан Нациќ, адвокат од Скопје

16:30 – 17:00 ч. Дискусија и прашања

21:00 ч., Дружба во Tino's Pub

**8 ноември 2025 (сабота)**

10:00 - 11:00 ч., тема: „Да се биде или не државен службеник: нов пакет закони за јавната администрација во Македонија", проф. д-р Ана Павловска Данева, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ и судија на Уставнот суд на РСМ

11:00 – 11:30 ч., Дискусија и прашања

11:30 - Одјавување од хотел и заминување на учесниците

## 3. ЕДНОДНЕВНИ СОВЕТУВАЊА

Во текот на 2025 година не се одржа ниту едно еднодневно советување. На ден 19.03.2025 година беше закажано еднодневно советување на тема *„КОЛЕКТИВНА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА – СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ",* меѓутоа, за жал, поради многу малиот интерес за учество советувањето беше откажано.

## 4. АКТИВНОСТИ ВО ОДНОС НА СТРУЧНОТО СПИСАНИЕ ПРАВНИК

Во текот на 2025 година во стручното списание Правник беа разработувани најактуелните теми од областа на правото. Списанието беше објавувано како двоброј, односно вкупно шест броја беа објавени во текот на целата година (од 393 до број 404).

## 5. НОВА ВЕБ СТРАНА

Во тпрвите месеци на 2025 година во функција беше ставена новата веб страна на Здружение на правници на РСМ. Со новата веб страна се зголеми видливоста на Здружението. Ова се потврди преку анонимните анкети кои беа правени после секоја Средба, за тоа како членовите на Здружението и останатите членови дознаваат за активностите на Здружението, при што доминантен одговорот беше преку веб страната.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN LAWYERS ASSOCIATION**
**Кеј 13 Ноември, Кула II/4 (ГТЦ), 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Тел./факс (389) 02 3131 084, 070 310 188, 072 665 664**
E-mail: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

**Претседател**
**Проф. д-р Горан Коевски с.р.**
______________________